Стрелечката Оливера Наковска-Бикова засега е единствената Македонка што ја има исполнето нормата за настап на Параолимписките игри (ПОИ) во Токио во 2020 година. Тоа ѝ успеа на Светското првенство (СП) во Чеонгју (Јужна Кореја), во мај минатата година, во дисциплината пукање со воздушен пиштол од 25 метри. Таа во квалификациите со 570 погодени круга го израмни светскиот рекорд, во конкуренција на 31 натпреварувачка, а во финалето го освои бронзениот медал.
Настапот во Токио ќе ѝ биде петти во низа на ПОИ, а во Лондон во 2012 година Наковска-Бикова го освои златниот медал со воздушен пиштол (10 метри). Во минатото медали од ПОИ освојуваа и Бранимир Јовановски (злато во 1992 година во Барселона) и Ванчо Каранфилов (сребро во 2004 година во Атина).
– Можност да исполнат норми во стрелаштво имаат уште Александар Јовановски и Ванчо Каранфилов. Тие шансата за директен пласман ќе ја бараат на светските првенства во Сиднеј годинава и во САД в година, како и на светските купови – ни изјави селекторот Бранимир Јовановски. Г.И.